# 50 ГОДИНИ
# МАТЕМАТИЧКИ БИЛТЕН

Сојузот на математичарите и информатичарите на Република Македонија во оваа 2000-та година прославува два мошне значајни јубилеи: 50 години постоење и делување на Сојузот и 50 години постоење на научното списание Математички билтен. Во далечната 1950 година излезе првиот број на ова списание во издание на тогашното Друштво на математичари и физичари на Народна Република Македонија. Првиот редакциски одбор го сочинуваа: д-р Марин Каталиниќ, д-р Драгослав Митриновиќ, Ордан Печијаре, Благој Попов и Јоже Улчар.

Од првата година на излегувањето до денес списанието бележи значителен подем. Заклучно со овој број во списанието се публикувани 426 оригинални научни трудови. Денес во списанието се публикуваат научни трудови од областа на математиката и информатиката и нината примена. Трудовите подлежат на стручна рецензија и се објавуваат на еден од четирите светски јазици: англиски, германски, руски и француски, како и на македонски јазик. Објавените трудови во списанието се реферираат во реномираните светски часописи: Mathematical reviews, Zentrallblat и Реферативний журнал.

Списанието Математички Билтен се дистрибуира во 230 научни и високо образовни институции ширум светот од каде што, по пат на размена, добиваме голем број научни списанија со што во многу се збогатува библиотечниот фонд на Институтот за математика на ПМФ во Скопје.

Во оваа прилика да се потсетиме на оние за коишто постои и без коишто не може да постои ова списание. Тие се математичарите и другите научни работници од Македонија и светот коишто со плодовите на својата работа го „хранат" списанието. Постои голем интерес, којшто од година во година сè повеќе се зголемува, кај научниците од странските земји за публикување на нивните трудови во ова списание. Ќе наведеме некои од нив: Австрија, Австралија, Белорусија, Бахреин, Босна и Херцеговина, Кина, Кореја, Романија, Југославија, Унгарија, Хрватска и др.

Накрај, во овој јубилеен број, убаво е да се потсетиме на имињата на математичарите коишто со самопрегорна и волонтерска работа во Редакцискиот одбор дадоа значаен придонес во излегувањето и развојот на списанието Математички билтен. Тие се: Драгослав Митриновиќ, Благој Попов, Јоже Улчар, Платон Димиќ, Ѓорѓи Чупона, Илија Шапкарев, Бранко Трпеновски, Даница Перчинкова, Драган Димитровски, Смиле Марковски, Слободанка Георгиевска, Смилка Здравковска, Огњан Јотов, Александар Самарџиски, Димитра Карчицка, Боро Пиперески, Радојко Секулоски, Кирил Стојменовски, Дончо Димовски, Борко Илиевски, Магдалена Георгиева и Никола Пандески. На овој начин најискрено им се заблагодаруваме.

Нека ни е вечно списанието.

Главен уредник
д-р Борко Илиевски